Република Северна Македонија

Министерство за култура

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAKEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
НАЦИОНАЛНА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
BIBLIOTEKA NACIONALE DHE UNIVERSITARE "ATËN KLIMENTI I OHRIT"
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: Pranuar me: 25. 09. 2020
Орг. единица | Njësi Organizative | Примен број | Numër i pranuar | Вред. број | Vlerë
03 | 349/2 | 12 | /

ЗАПИСНИК

за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-62

Архивски знак _____
Рок на чување _____ год.
_____ 20___ год.
Потпис, _____

Датум: 22.9.2020 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзор	РСМ, НУ - Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" - Скопје
Седиште/адреса на субјектот	
Адреса за е-пошта	
Телефон	
Матичен број на субјектот	
Даночен број на субјектот	
Број на жиро сметка на субјектот	
Банка депонент	Народна банка на РСМ-Скопје
Одговорно лице на субјектот:	

Име и презиме:, директор	Телефон	Е-пошта kliment@nubsk.edu.mk

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекциски надзор	1. РЕДОВЕН	2. ВОНРЕДЕН	3. КОНТРОЛЕН
Датум на почеток на инспекцискиот надзор	10.9.2020 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	11.00
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	21.9.2020 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	16.00
Назив на објектот-инсталацијата каде се врши	РСМ, НУ - Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје		

надзорот	(во натамошниот текст: Библиотека)
Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	Дејности на библиотеките и архивите (91.01)
Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	Скопје (општина Центар)

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Месечниот план бр. 57-120/11 од 31.8.2020 г. за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (во натамошниот текст: МК) за м. септември 2020 година.

Во 2016 г., во Библиотеката е извршен вонреден инспекциски надзор од аспект на примената на Законот за библиотеките при што за утврдената фактичка состојба со Записникот Ип. 1 бр. 56 – 44 од 29.4.2016 г., е издадено Решение со наредба Ип. 1 бр. 56 – 44 од 11.5.2016 година. Контролниот инспекциски надзор по однос на постапување по Решението со наредба и отстранување на утврдените недостатоци е извршен на 29.3.2017 г. и за истиот е составен Записник Ип. 1 бр. 56-44/2016 од 31.3.2017 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во МК. За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис Ип. 1 бр. 57-62 од 1.9.2020 г. е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" 102/19), а поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

Предмет на редовниот инспекциски надзор е од аспект на примената на одредбите од Законот за библиотеките („Сл. весник на РМ" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16), и подзаконските акти - Правилникот за формата, содржината и начинот на водење евиденција на библиотечниот фонд и на библиотечната документација и Правилникот за содржината и начинот на водење на регистарот на копии на библиотечни добра и за образецот на сертификатот на копијата на библиотечното добро („Сл. весник на РМ" бр. 133/2009), како и Правилникот за

соодветноста на видот на образованието и описот на стручните звања во областа на библиотечната дејност („Сл. весник на РМ" бр. 108/2016).

5) Во извршувањето на овој инспекциски надзор согласно со член 69 став (3) од Законот за инспекциски надзор е употребена Листата за проверка, која е дадена во прилог и е составен дел на овој Записник.

6) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
, директор		kliment@nubsk.edu.mk

7) За време на извршувањето на редовниот инспекциски надзор, присутни беа и следните лица:

Ред. бр.	Име и презиме/својство	Телефон/Е-пошта
1.	секретар	
2.	раководител на Сектор з зазаштита на библиотечни фондови и археографско одделение	
3.	раководител на Сектор за комплетирање и обработка на библиотечен материјал, Библиографски и референален центар	
4.	програмски раководител	
5.	, соработник за правни прашања и јавни набавки	

8) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на редовниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

9) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

9.1. Во Библиотеката е во примена Статутот бр. 01-471/1 од 24.6.2015 г., донесен од Управниот одбор во согласност со член 35 став (1) точка 1 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), за којшто согласно со член 25 став (2) од истиот Закон, е дадена потребната согласност од министерот за култура со Решение бр. 55-1903/28 од 26.6.2015 година.

За изменување и дополнување на Статутот од Управниот одбор на Библиотеката донесени се одлуките бр. 02-75/2 од 30.1.2018 г. (во однос на посебните услови за избор на директор), бр. 02-624/3 од 12.9.2018 г. (за усогласување со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација – Сл. весник на РМ" бр. 103/2010), и бр. 02-144/6 од 28.3.2019 г. (донесена согласно со амандманите на Уставот на РСМ и Уставниот закон за спроведување на амандамните од XXXIII до XXXVI „Сл. весник на РСМ" бр. 06/19, за промена на називот, како и согласно со член 7 став (1) од Законот за употреба на јазиците - „Сл. весник на РСМ" бр. 07/19), а за коишто се добиени потребните согласности .

Библиотеката ги има исполнето условите за почеток на работа за вршење на дејноста и соодветно на тоа има решение за работа.

9.2. По пат на Јавен конкурс во согласност со член 29 ставовите (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата , со Решение на министерот за култура бр. 43-12620/2 од 8.11.2018 г., за директор на Библиотеката е избран , со мандат од 4 години. Истовремено, со Решение бр. 43-12620/1 од 8.11.2018 г., престана да ја врши должноста в.д. директор на Библиотеката.

9.3. Согласно со член 35 став (2) од Законот за културата, со Решението на министерот за култура бр. 43-7356/2 од 4.8.2017 г., за претседател на Управниот одбор од редот на истакнати поединци од културата именуван е а за членови претставник од редот на истакнати поединци од културата, и претставници од редот на вработените, додека претставник од локалната самоуправа е именувана со Решение

бр. 43-7990/2 од 4.7.2018 г., но на 23.1.2019 г. Библиотеката е известена по писменпат од страна на дека се повлекува од должноста член во Управниот одбор.

9.4. Според изјавата на секртарот во согласност со член 16 став (2) од Законот за културата, Библиотеката врши продажба на библиотечниот материјал – публикации согласно со цената утврдена во одлуките на Библиотеката од 2015 г., за коишто е добиена согласност од страна на Владата на РМ со следните одлуки бр.: 42-7141/10 од 30.6.2015 г. за давање согласност на Одлуката за продажба на библиотечен материјал – публикации од проектот „Превод на литературни дела на добитници на Нобелова награда за литература", бр. 42-7141/1 од 30.6.2015 г., за давање согласност на Одлуката за продажба на библиотечен материјал – публикации од проектот „130 Тома Македонска книжевност", бр 42-7141/3 од 30.6.2015 г., за давање согласност од Одлуката за продажба на библиотечен материјал – публикации од проектот „Ѕвезди на светката книжевност" и бр. 42-7141 од 30.6.2015 г., за давање согласност на Одлуката за продажа на библиотечен материјал – публикации од проектот „Врвови на светката филозофија, историја и психологија со психоанализа" (сите објавени во „Сл. весник на РМ" бр. 111/15). Според податоците добиени од Службата за сметководство и финансии на Библиотеката, во текот на 2020 година продадени се вкупно 43 публикации – книги од капиталните проекти на Владата на РМ, при што е остварен приход во вкупен износ од 16.344 денари.

9.5. Во однос на обврската од членот 27 став (2) од Законот за библиотеките, за јавно објавување на деновите и часовите за работа на Библиотеката утврдено е дека е постапено по оваа обврска, односно истото е од 08.00 до 16.00 часот секој работен ден со можност за клизно работно време од 8.30-16.30 часот. Работното време е утврдено според Одлука бр. 04-41/1 од 17.1.2014 г., донесена од УО согласно со ЗРО и Статутот,

При надзорот, на увид е презентирана Одлука бр. 04-317/2 од 28.7.2020 г., донесена од директорот на Библиотеката, со којашто поради пандемијата со вирусот COVID-19 е утврдено работното време на Библиотеката од 4.8.2020 г., за корисници од 9.00 до 14.00 часот, секој работен ден.

Имено, имајќи ги предвид заклучоците, меѓудругото од 16-та седница, одржана на 11.3.2020 г., односно задолженијата, препораките и мерките донесени од Владата на РСМ, со цел превенција од ширење на болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), за прекинување со работата на библиотеките, студентските и ученичките домови на територијата на РСМ, а вработените лица во овие институции да бидат ослободени од работа во периодот на вонредната состојба и ПРОТОКОЛОТ за работа на библиотеки, музеи, галерии и изложбени простори и утврдените основни превентивни мерки за заштита бр. 31, од страна на Библиотеката донесени се ПРЕПОРАКИ бр. 04-317/1 од 28.7.2020 г., за работа со корисници, ракување со библиотечниот материјал и други документи на хартија во Библиотеката, за заштита и превенција од корона вирус.

9.6. Во однос на обврската од ставот (3) од членот 27 од Законот за библиотеките, за определување на намалени цени за определен вид посетители, односно ослободување од плаќање на услугите, предвидено е бесплатно користење на услугите за инвалидизирани и лица со посебни потреби според Ценовникот бр. 02-304/13 од 11.4.2012 година.

Имено, услугите што Библиотеката ги нуди во рамките на својата дејност, се наплаќаат според посебен акт - Ценовник за користење услуги, донесен од директорот на Библиотеката. Во извештајниот период, во примена е Ценовникот бр. 02-304/13 од 11.4.2012 г. и Одлука на УО од 18.4.2016 г., за измени и диполнувања на Ценовникот; со којашто од 1.5.2016 г. е зголемен индивудалниот кориснички надомест за општи читалници; надоместот за продолжување и за ЦИП запис, како и последната измена на УО од 2019 г., за намалување на членарината од 600,00 на 500,00 денари (забелешка: при првото зачленување во Библиотеката), а за што на увид е презентиран Записник бр. 02-144/2 од 13.3.2019 година.

Врз основа на член 37 од Статутот на Библиотеката, од страна на директорот е донесен Правилникот за услуги и нивно користење бр. 02-182/3 од 1.3.2012 г., со којшто се утврдени различни видови услуги за корисниците, како што се: тематски пребарувања на информации; слободен достап до дел од книжниот фонд; користење библиотечен материјал од фондовите на Библиотеката, бесплатен интернет пристап, меѓубиблиотечно зајмување и друго.

9.7. Во врска со обврската на матичната библиотека утврдена во член 22 став (3) од Законот за библиотеките, за вршење ревизија на библиотечниот фонд најмалку на секои десет години, а заради утврдување на состојбата на библиотечниот фонд и потребата за преземање на соодветни мерки за негова ефикасна заштита, според изјавите на присутните лица, поради обемноста на фондовите во Библиотеката ревизиите и понатаму се вршат пооделно за различни видови библиотечен материјал и библиотечните добра, во подолг временски период и тоа на:

-монографски публикации од општиот фонд (I формат), според изјавата на Раководителот на Секторот за заштита на библиотечни фондови и археографско одделение,, ревизијата е извршена во 2000 г., а пописот во 2008 г.,

- монографски публикации од општиот фонд (II формат), ревизијата е извршена во периодот од 2.7. до 31.8.2012 г. согласно со Одлука бр. 02-304/9 од 10.4.2012 г., за формирање на Комисија, а за што е изготвен Извештај бр. 18-11-1/1 од 22.7.2013 година. Според Извештајот, претходната ревизија на монографски публикации од општ фонд (II формат), е извршена во текот на 2002 г. Во последната ревизија, биле вклучени 77 вработени, а со ревизијата биле опфатени приближно 320.000 б.е. од втор формат (уникат), со сигнатурни ознаки од 1 до 318.607. Со ревизијата, меѓудругото е утврдено дека на 819 б.е. треба да се направи нов католошки опис; на 216 б.е. им е неопходна итна заштита (конзервација, подврзување); 128 б.е се предложени за отпишување, а 107 б.е. се предложени за префрлување од општиот во посебните фондови.

- монографски публикации од општиот фонд (III и IV формат), според изјавата на Раководителот на Секторот за заштита на библиотечни фондови и археографско одделение, ревизијата е извршена во 2006 година,

Забелешка: со Дописот бр. 08-366/1 од 24.1.2020 г. од страна на раководителот на Секторот за заштита на библиотечни фондови и археографско одделение од директорот е побарано отпочнување на повторна ревизија на монографски публикации од општиот фонд од I, III и IV формат согласно со законската обврска за вршење ревизија на секои 10 години, при што е предложена Комисијата во состав: виш библиотекар, , библиотекар и библиотекарски помошник. Но, со Допис бр. 08-66/2 од 20.3.2020 г., побарано е

одложување на предметната ревизија имајќи ги предвид заклучоците донесени од Владата на РСМ, на 16-та седница, одржана на 11.3.2020 г., меѓудругото за прекинување со работата на библиотеките и ослободување на вработените од работа во периодот на вонредната состојба, се до создавање услови за за реализација,

- сериски публикации од општиот фонд (прв формат) ревизијата е извршена вотекот на м. јуни, 2016 г. согласно со Одлука бр. 02-265/3 од 18.4.2016 г., на УО за формирање на Комисија, а за што е изготвен Извештај бр. 08-266/2 од 28.7.2016 година. Според Извештајот, извршена е ревизија на вкупно 85 наслови на списанија со вкупно 756 свески со сигнатурна ознака, со констатација дека последната ревизија е извршена во 1993 г., и тоа само на македонските изданија, но дека соодветната документација за истата не е пронајдена. Од страна на Комисијата за отпис се предложени вкупно 36 наслови по основ на неактуелни и наслови со иста содржина, а издадени на повеќе јазици и писма.

- книжниот фонд од „Збирката за музичка уметност", ревизијата е извршена во периодот од 10.9.2012 до 30.10.2012 г., од страна на Комисијата во состав: [redacted] претседател и членовите [redacted] и [redacted] за што е изготвен Извештај бр. 08-675/4 од 12.11.2012 г., со којшто, е константирано дека недостасуваат вкупно 106 монографски публикации (зајмени и слично), како и при ревизијата од 2002 г., поради што е предложено отпишување на истите,

- некнижниот фонд од „Збирката за музичка уметност", ревизијата е извршена во периодот од 18.2.2014 до 17.3.2014 г., од страна на Комисијата во состав: [redacted] претседател и членовите [redacted] и [redacted] за што е изготвен Извештај бр. 02-124/5 од 18.3.2014 г., со којшто, меѓудругото е константирано дека недостасуваат повеќе грамофонски плочи и други предмети од збирката, а воедно е констатирано дека во магацинскиот простор каде што се сместени дрвените ормани во кои се наоѓаат грамофонски плочи и архивскиот примерок протекува од таванот од тоалетите, при што се оштетуваат и архивскиот примерок и дрвените плакари на Збирката и е неопходна итна санација. Исто така, е констатирано дека на дрвените ормани во кои се чуваат дел од

грамофонските плочи не функционираат бравите за заклучување и е потребна нивна попрака. Утврдена е потреба од набавка на соодветни ормани во кои според библиотечните стандарди ќе се чуваат фонотечните материјали, како и концертните плакати, коишто во најголем дел се оштетени поради несоодветното сместување (врз металните сандаци во кои се наоѓаат грамофонските плочи),

- археографската збирка на старословенски ракописи (вк. 272 б.е.), според изјавата на Раководителот на Секторот за заштита на библиотечни фондови и археографско одделение, ревизијата е извршена во 2014 г.; а на цртежи од Ликовната збирка во 2016г. (вк. 280 цртежи), ревизијата е извршена во 2016 г. од страна на Комисијата во состав: , и , за што е изработен Извештај бр. 08-75/2 од 3.2.2016 г., со којшто е констатирано дека недостасуваат вкупно 6 (шест) цртежи,

-збирката задолжителен (архивски) примерок на докторски дисертации (вк. 8.029 б.е.). ревизијата е извршена во периодот од 2.7.2015 до 15.7.2015 г. од страна на Комисијата во состав: , и за што е изработен Извештај бр. 08-368/1 од 17.9.2015 г., со којшто, меѓудругото е констатирано дека недостасуваат вкупно 42 докторски дисертации,

- збирката „Македонија на разгледници до 1946 г." (вк. 58 б.е.), пописот е извршен во текот на 2011 и 2012 г., а со Дописот бр. 08-330/1 од 7.8.2020 г. од страна на раководител на Секторот за заштита на библиотечни фондови и археографско одделение од директорот е побарано отпочнување на ревизијата на Збирката, која со Актот за заштита бр. 19-2672/2 од 16.06.2009 г., е прогласена за културно наследство од категорија особено значење, подкатегорија големо значење, со оглед на создавање на условите за спроведување на истата, односно вработување на извршител за Збирката „Дробен печат". При тоа, е предложена Комисијата во состав:
библиотекар во Збирка дробен печат, претседател библиотекар во Збирка ретки монографски и сериски публикации, современи ракописи и фотографии библиотекар во Археографски центар.

-фондот на старопечатените и ретки книги во Археографскиот центар (вк. 3.579 б.е.), пописот е извршен во текот на 2011 и 2012 г., а на дел од Фондот во периодот од

17.6.2017 до 25.6.2017 г., ревизијата е извршена од страна на Комисијата во состав: библиотекар-председател, член, –член, –член, -член, и тоа на: Збирка инкунабули (2 б.е.), со единствен матичен број во националниот регистар на културно наследство 2P0000017, од категорија особено значење, подкатегорија – исклучително значење и Збирка старопечатени и ретки книги, со ЕМБ во националниот регистар на културно наследство 2P0000014, од категорија особено значење. Подкатегорија – исклучително значење. Меѓудругото, со ревизијата е утврдено оштетување кај 84 книги и 378 новооткриени дупликати, Комисијата констатираше дека збирката е во лоша физичка состојба и зачувност (ова особено важи за дупликатите кои се најизложени на прашина), и дека е потребно е да се пристапи кон соодветно итно чистење и заштита од прашина и да се пристапи кон реставрација и конзервација на оштетениот материјал, како и редовно да се врши увид во состојбата на збирката поради благовремено констатирање на евентуални нови оштетувања. Од Комисијата е предложено издвојување на збирката според важечките стандарди за заштита. Понатаму, е констатирано дека во магацинот нема камери, видео и сензорни уреди, специјални заштитни врати и противпожарни уреди за брза интервенција, како и дека има апарати за мерење на температурата и влажноста на воздухот, но дека нема апарати за нивно регулирање.

- на дел од фондот на Збирката –„Ориенталистика", ревизијата е извршена во периодот од 10.5. до 30.6.2016 г., од страна на Комисијата, во состав: претседател и членовите и над вкупно 3.836 б.е. (од кои: збирки ракописи на арапски јазик - вк. 2.622 б.е.; османско-турски јазик – вк. 1.106 б.е. и персиски јазик – 108 б.е.), од чија страна е изгтовен Извештај бр. 08-95/1 од 17.2.2017 година. Од страна на Комисијата се донесени повеќе заклучоци, меѓудругото во однос на неправилностите во постоечката евиденција, со констатации дека има потреба од консултации со стручни лица за дел од б.е. и дека збирката е во лоша физичка состојба и зачуваност, како и дека во депото не се одржуваат минималните хигиенски услови, а материјалите не се соодветно обезбедени. Според изјавата на Раководителот на Секторот за заштита на библиотечни фондови и археографско одделение, на 6.3.2018 г. на работното место во збирката е вратен извршителот кој претходно имал решение за мирување и е со соодветна острученост за обработка на овие материјали. По неговото враќање направено е дополнување на евиденијата и

тоа: изработена е нова Инвентарна книга и основен каталог за Збирка ракописи на персиски јазик. Од 2017 г., во континуитет се реализира проект за обезбедување на услови за сместување и складирање на библиотечни фондови, во рамки на кој дел од магацинот, каде е планирано сместувањето на библиотечните добра е среден и опремен со подвижни регали за сместување соодветно на стандардите,

Збирката на ретки периодични публикации", ревизијата за првпат е спроведена, во периодот од 11.7.2016 до 29.7.2016 г. согласно со Одлука бр. 02-119/4 од 23.2.2016 г. за формирање на Комисија, во состав на: м-р претседател, -член, м-р член и -член. При ревизијата беа прегледани вкупно 240 наслови ретка периодика (вкупно 1.352 единици - томови и броеви). Со ревизијата беа отпишани дел од публикациите.

-графики од Ликовната збирка, ревизијата е извршена од Комисијата во состав: и , за што е изработен Извештај од 3.2.2016 г. во којшто е константирано дека од вкупно 603 графики од Збирката недостасуваат вкупно 40 дела од различни автори. На увид, е презентирано и Решение за регистрација на значајно културно наследство УП бр. 09-1250/2016 од 18.12.2018 г., донесено од УЗКН врз основа на член 46 став 3 од Законот за заштита на културното наследство, со коешто се регистрира движното културно наследство „Збирка на графики" од НУ-НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје, составена од 563 графики од кои 547 се од македонски автори и 16 графики од странски автори.

9.8. Во однос на обврската утврдена во член 21 ставовите (1) и (2) од Законот за библиотеките, за водење евиденција на библиотечниот фонд (влезна евиденција на библиотечен материјал, инвентарна книга на библиотечните добра, излезна книга на библиотечните добра и библиотечниот материјал и основен каталог на библиотечниот фонд), и библиотечна документација, на начин пропишан со Правилникот, во конкретниот случај во електронски облик преку библиотечно - информацискиот систем COBISS.MK, при надзорот е утврдена е следната состојба со библиотечната евиденција:

-Влезна евиденција на библиотечниот материјал,што го прибавила Библиотеката, заради негово чување, истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување, проучување и давање на користење, и понатаму се води во форма на

„влезно - инвентарни книги", во коишто е евидентиран поголем дел од целокупниот библиотечен фонд, односно регистри одделно за:

-Монографски публикации – печатени книги, учебници, брошури и слично,
-Сериски публикации- печатени списанија и весници,
-Некнижен библиотечен материјал – музикалиите, картографски материјал, плакати, репродукции на уметнички слики и цртежи, разгледници, каталози и др. изданија, како и
- Инвентарни книги за архивски примерок.
забелешка: „инвентарни книги", се водат рачно од оформувањето на библиотеката, а од 1997 година преку библиотечно-информацискиот систем COBISS.MK. Помал дел од библиотечните добра, се евидентираат во рачно пополнувани регистри и/или во електронска форма во „word" документ.

Според изјавите на присутните лица, целокупниот библиотечен фонд, вклучително и библиотечниот материјал, како основно средство за работа има исто значење како и библиотечните добра поради што секој примерок од библиотечниот материјал добива „инвентарен број" и се евидентира во „инвентарни книги".

Од извршениот увид во укоричените регистри, односно исписи на „инвентарни книги", што се водат преку системот COBISS.MK, истите ги содржат следните информативни полиња за: инвентарен број, датум, опис на единица (наслов, автор, место и година на издавање), сигнатура (локациска ознака); начин на набавка (купување, размена, подарок, задол. примерок, стар фонд, сопствено издание, котизација, субвенции или членство); доставувач; број на фактура; датум, цена и забелешки, со што главно се опфатени податоците, коишто треба да ги содржат влезните книги според член 7 од Правилникот, со исклучок што наместо реден број е предвиден инвентарен број, а што според изјавите на присутните лица е согласно со библиотечни стандарди.

Локалната база на податоци на Библиотеката за библиотечни единици, евидентирани преку системот COBISS.MK, во периодот од февруари, 1989 г., заклучно со 31.12.2019 година. содржи вкупно 496.453 записи (од кои 333.787 се записи за монографски публикации; 11.137 за сериски публикации, 151.267 за статии и др. составни делови, 49 за изведени дела/настани, 211 за т.н. вештачки збирки и 2 за

интегративни извори), при што вкупниот број на примероци со инвентарен број или сигнатура е 441.275 (забелешка: во периодот од 31.12.2016 г.,заклучно со 31.12.2019 г., евидентирани се вкупно 43.528 записи, од кои најголем број се записи за монографски публикации).

Секој примерок од библиотечен материјал и библиотечно добро добива посебен „инвентарен број", кој се состои од арапски бројки, како ознаки за б.е., и тоа од 0 до 7 (0 за монографски публикации; 1 за сериски публикации; 2 за некнижен материјал, 3 за архивски примерок, а библиотечниот материјал кој се внесува ретроактивно, освен наведените ознаки се додадени и вредностите 4, 5, 6 и 7 за различни збирки библиотечен материјал за кој веќе постојат „инвентарни книги", но кои заради принципот на единственост на инвентарниот број, во COBISS според изјавите на присутните лица мораат да се внесуваат модифицирано согласно со дефинираниот алгоритам кој беше прифатен на колегиум во 2002 г. на евидентирање (2015, 2016,..), и реден број под кој истите се евидентирани во базата (на пр. 000001, 000002, ...), при што секоја година евиденција започнува од ред. број 1.

Во влезно - инвентарните книги, што се водат преку системот COBISS.MK, се уште не е извршена евиденција на дел од библиотечните добра (Збирка ракописи на арапски јазик; Збирка ракописи на османско-турски јазик и Збирка ракописи на персиски јазик, додека е започната евиденцијата на добрата од Археографската збирка старопечатени и ретки книги во COBISS.MK), и тоа поради технички причини, односно неможноста преку системот COBISS.MK да се евидентира дел од ракописите, пишувани на оригинално писмо, поради што овие збирки се евидентирани во рачно водени регистри и/или во регистри во електронска форма (word документ).

Рачно пополнувани „инвентарни книги", за горенаведените збирки-библиотечни добра (вк. 11), содржат информативни полиња - графи со следните податоци: дата на заведувањето; сигнатура; автор; заглавие (на делото, јазик, препишувач, место и други својства); дата на настанувањето; листови; формат; вид на хартијата; подврзија; како е делото набавено; куповна цена и забелешка), додека „инвентарни книги" во електронска форма (word документ), содржат информативни полиња - графи со

следниве податоци: (стар) инвентарен број; наслов; автор; предмет; место и време на (пре)пишувањето; сигнатура; препишувач и забелешки, со што вооглавно се опфатени податоците коишто треба да ги содржат влезните книги според член 7 од Правилникот.

Заклучно со 2019 г., листовите од влезно-инвентарните книги, односно исписите од системот COBISS.MK согласно со член (3) став 1 од Правилникот се подврзани во тврдо укоричени книги за евиденција. Според изјавите на присутните лица, поради голем број на записи, поединечно листовите не се заверени со потпис на овластеното лице и со печат на Библиотеката, што е обврска согласно со член 2 став (2) од Правилникот, туку последната страна (на корицата) е заверена со своерачен потпис од одговорното лице лице (директор), и со печат на Библиотеката, што е обврска согласно со член 3 став (2) од Правилникот.

-Инвентарна книга на библиотечните добра, во смисла на Законот за библиотеките, односно член 9 од Правилникот според кој во Инвентарната книга се евидентираат само податоци за библиотечните добра, кои поради своите вредности, својства, содржини или функции имаат културно, научно, историско, природно и друго значење, Библиотеката не ја води од причина што според изјавите на присутните лица во согласност со меѓународните стандарди за библиотечно работење, во постојните „инвентарни книги", покрај библиотечниот материјал, вклучително се евидентирани и поголем дел од библиотечните добра со кои располага Библиотеката.

Според изјавите на присутните лцца и презентираната документација, Библиотеката располага со вкупно 13 збирки - библиотечни добра, кои со акт од Управата за заштита на културното наследство, донесен согласно со Законот за заштита на културното наследство се прогласени за културно наследство („Сл. весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 39/16 и 11/18), и тоа:

- Археографска збирка на старословенски ракописи (евидентирана во инвентарна книга рачно пополнувана) и во електронска форма (листи кои се составен дел на „инвентарни книги" за монографски публикации),

- Археографска збирка на инкунабули (евидентирана во инвентарна книга за инкунабули, старопечатени и ретки книги (рачно пополнувана) и во електронска форма (листи кои се составен дел на „инвентарни книги" за монографски публикации),

- Археографска збирка старопечатени и ретки книги (евидентирана во инвентарна книга (рачно пополнувана) и инвентарна книга за дупликати на редок библиотечен материјал (рачно пополнувана).

- Збирка ракописи на арапски јазик (евидентирана во инвентарна книга во електронска форма (word документ).

- Збирка ракописи на османско-турски јазик (евидентирана во инвентарна книга во електронска форма (word документ),

- Збирка ракописи на персиски јазик (евидентирана во инвентарна книга во електронска форма (word документ),

- Збирка ретка периодика (евидентирана во Инвентарна книга во печатена и електронска форма (листи кои се составен дел на „инвентарни книги" за сериски публикации),

- Збирка на цртежи (евидентирана во инвентарна книга -рачно пополнувана и во електронска форма (листи кои се составен дел на „инвентарни книги" за некнижен материјал),

- Збирка задолжителен (архивски) примерок (евидентирана во инвентарни книги на монографски, сериски и некнижен материјал - рачно пополнувани до 2011 г., печатена форма од 2013 г. и во електронска форма),

-Збирка задолжителен примерок на докторски дисертации и магистерски трудови (евидентирана во инвентарна книга -рачно пополнувана до 1997 г. и во електронска форма -листи кои се составен дел на „инвентарни книги" за монографските публикации),

- Збирка „Македонија на разгледници до 1946 г." (евидентирана во инвентарна книга во електронска форма, а инвентарни листи како дел од „инвентарни книги" на некнижен материјал во фаза на обработка),

- Збирка графики (евидентирана во инвентарна книга -рачно пополнувана и во електронска форма - листи кои се составен дел на „инвентарни книги" за некнижен материјал), како и

- Легат на (евидентирана во електронска форма - листи кои се составен дел на „инвентарни книги" за монографски публикации, некнижен материјал во зависност од видот на материјалот).

Додека, во постапка за регистрација е збирката на нотни ракописи од македонски композитори (евидентирана во електронска форма - листи кои се составен дел на „инвентарни книги" за некнижен материјал) (прилог скенирана документација).

За последните две збирки од страна на Раководителот на Секторот за заштита на библиотечни фондови и археографско одделение, се презентирани и Решение за прогласување на значајно културно наследство УП бр. 09-709/2016 од 25.1.2018 г., донесено од УЗКН врз основа на член 40 став 2 од ЗЗКН, со коешто збирката на движно културно наследство е прогласена за значајно културно наследство (музички ракописи од македонскиот композитор (1914-1974), како и Допис бр. 09-503/2 од 6.2.2019 г., на УЗКН со коешто Библиотеката по однос на нивното барање за информација за библиотечното добро „Збирка на нотни ракописи од македонски композитори" и Предлогот за донесување акт за заштита на збирката, е известена дека Предлогот за донесување акт на заштита на збирка на движно културно наследство е доставен до МК, Сектор за заштита на културното наследство со цел истиот да биде проследен до Националниот совет за културно наследство за добивање на Мислење, но дека до Управата не е стигнат одговор по доставениот Предлог.

-Излезна книга на библиотечниот материјал и на библиотечните добра, која што содржи податоци за библиотечните добра и за библиотечниот материјал што трајно се отпишуваат од евиденција во постапка утврдена со закон (врз основа на акт за престанок на заштитата на библиотечните добра, на начин и во постапка пропишана

со ЗЗКН – за библиотечните добра и со решение на директорот на библиотеката, по претходно добиена согласност од стручна комисија именувана од УО - за библиотечниот материјал), и што времено се изнесуваат од библиотеката во постапка пропишана со закон, се води во електронска форма во „word" документ. Листовите од Излезната книга, се подврзани во картонската библиотечна книга, а исписите се заверени со потпис на овластеното лице (директор) на Библиотеката и со печат на Библиотеката согласно со обврските од член 2 став (2) и членовите 3 и 4 од Правилникот.

Излезната книга ги содржи следните информативни полиња за: реден број; сигнатура, онвентарен број, состојба на библиотечен материјал/добро, број на примероци, датум на излегување, цел на излегување, име и презиме на изнесувачот на предметот, име и презиме на лицето и назив на институција која го презема предметот, датум на враќање, состојба на предметот по враќањето, потпис на одговорното лице, број на полиса на осигурување, вид на актот за престанок на заштита и број од дел. протокол на надлежниот орган, број од дел. протокол на актот што го донесува библиотеката за отпишување на библ. материјал од евиденција и забелешки, со што се опфатени податоци, коишто треба да ги содржи излезната книга според член 10 од Правилникот.

Излезната книга, исто како при инспекцискиот надзор извршен во 2016 г. содржи вкупно 52 записи за времено изнесените библиотелни добра, односно исписи на вк. 14 страници, почнувајќи од ред. бр. 1 – евидентирано времено изнесување во 2012 г. и враќање во 2013 г. на б.д. со инв. бр. 71986300130, заклучно со 52 – евидентирано времено изнесување во 2014 г. и враќање во 2014 г. на б.д. со инв. бр. 71986300130.

Во врска со одредбата од член 23 од Законот за библиотеките, за начинот на отпишувањето на библиотечните добра, библиотечен материјал и документација, како и обврската од член 18 став (1) т. 20 и член 23 став (3) од истиот Закон, по којашто во 2016 г. од Библиотеката е донесен Правилник бр. 02-120/3 од 7.3.2016 г., за утврдување на критериумите и постапките за отпишување на библиотечен материјал, според презентираната документација во 2017 г. во Библиотеката е извршено отпишување на одделен библиотечен материјал по повеќе основи и истото е евидентирано во посебната Излезна книга на библиотечниот материјал и на библиотечните добра.

Имено, со Решение бр. 04-621/1 од 25.9.2014 г. е формирана Комисија во состав: претседател, и -членови,со цел да утврди прецизни содржини и формални критериуми за отпишување и отуѓување на публикации од фондот на Библиотеката, во облик на Предлог-правилник, а по неговото усвојување и заверување периодично да се состанува и согласно утврдените критериуми да дава предлози до директорот за отпис и отуѓување на библиотечни материјали со список на публикации. Врз основа на Предлогот за отпис на библиотечен материјал бр. 08-427 од 16.8.2017 г,, поради нефункционалност и амортизираност, од страна на директорот на 17.8.2017 г., е донесено Решение за отпишување на библиотечен материјал наведен во Предлогот, односно странски периодични публикации.

-Во врска со Каталогот на библиотечниот фонд, што според член 11 од Правилникот, се води за целокупниот библиотечен фонд (библиотечен материјал-б.м. и библиотечни добра-б.д.), а при тоа б.м. се евидентира во основниот каталог кога е селектиран за комплетирање на библиотечниот фонд, при што Каталогот на б.м. произлегува од информативните полиња на влезната книга, а се организира согласно со локациската ознака на библиотечните единици, како и разни посебни основни каталози за различни видови б.м., додека Каталогот на б.д. произлегува од информативните полиња на нвентарната книга и може да биде според хронологија, тематика, назив, автор, земја, ситематска припадност и слично, како и дека составен дел на основниот каталог е каталогот за задолжителниот (архивски) примерок, утврдено е дека Библиотеката во 2017 г. започна со водење на Основен каталог на библиотечниот фонд (сигнатурна книга) за монографски публикации и други видови публикации, во којашто се евидентирани сите б.е. од 2017 до 2019 г. (забелешка: во 2017 г. е прекинато со водење на каталожни картончиња).

Почнувајќи од 1989 г. покрај рачното водење (заклучно со 1997 г.), започнато е водење на евиденцијата на библиотечниот фонд преку системот COBISS (со финансиска поддршка од МК од 1996 г. како проект на Библиотеката, а од 2004 г. како проект за градење на национален библиотечно информацискиот ситем), а во најголемиот дел од останатите библиотеки од 2005 година. Заклучно со септември 2020 г., вкупно 78

правни лица (национални и локални библиотеки/центри за култура, универзитетски, научни и други библиотеки,...), се членки во библиотечно-информацискиот систем COBISS.MK во рамките на Проектот - Виртуелна библиотека на Македонија, при што членките склучуваат договори со Библиотеката.

Основниот Договор бр. 12-981/1 од 14.12.2004 г., за имплементација на COBISS во Македонија, е склучен помеѓу Библиотеката и Институтот за информациски науки - Марибор (ИЗУМ), а анексите кон Договорот се склучени во 2014 г. за регулирање на воведените новитети во COBISS и во 2015 г. за продолжување на основниот Договор, Имено, во 2015 г. е потпишан Анекс бр. 4 заведен под бр. 10-710/1 од 4.11.2015 г., за продолжување на важењето на основниот договор за период од 5 години. Според испратените информации од страна на библиотекар - советник, Договорот со Институтот за информациски науки - Марибор (ИЗУМ), истекува на 9.11.2020 г. и доколку не се потпише нов анекс на договорот Библиотерата ги губи сите права во однос на користењето и дистрибуцијата на COBISS на територијата на државата, како и сите членки во системот.

Во 2019 г., е склучен Договор за изнајмување компјутерска инфраструктура за системот COBISS бр. 10-90/1 на 18.2.2019 г., со кој се регулира преносот на базите на COBISS.MK на централните сервери во ИЗУМ и со кој се обезбедува услугата на одржување и заштита. Важноста на овој договор според член 21 е со времетраењето на важноста на Анексот бр. 4 на основниот Договор.

* * *

Иинвентарните книги, што се водат за целокупниот библиотечен фонд и што всушност претставуваат влезна виденција, во целост не содржат податоци за библиотечното добро, што се предвидени согласно со член 9 од Правилникот, а се поделени по главите: идентификација, опис, историја, прибавување и документација. Имено, во Инвентарна книга според член 9 од Правилникот, се евидентираат податоци само за библиотечните добра, кои поради своите вредности, својства, содржини или функции имаат културно, научно, историско, природно и друго значење, а не целокупниот библиотечен фонд. Според изјавите на присутните лица, нивната оценка е дека во постојните „инвентарни книги" и католошки картончиња се евидентирани сите битни податоци за б.е., додека податоците предвидени за

Имено, со Решение бр. 04-621/1 од 25.9.2014 г. е формирана Комисија во состав: претседател, и -членови,со цел да утврди прецизни содржини и формални критериуми за отпишување и отуѓување на публикации од фондот на Библиотеката, во облик на Предлог-правилник, а по неговото усвојување и заверување периодично да се состанува и согласно утврдените критериуми да дава предлози до директорот за отпис и отуѓување на библиотечни материјали со список на публикации. Врз основа на Предлогот за отпис на библиотечен материјал бр. 08-427 од 16.8.2017 г,, поради нефункционалност и амортизираност, од страна на директорот на 17.8.2017 г., е донесено Решение за отпишување на библиотечен материјал наведен во Предлогот, односно странски периодични публикации.

-Во врска со Каталогот на библиотечниот фонд, што според член 11 од Правилникот, се води за целокупниот библиотечен фонд (библиотечен материјал-б.м. и библиотечни добра-б.д.), а при тоа б.м. се евидентира во основниот каталог кога е селектиран за комплетирање на библиотечниот фонд, при што Каталогот на б.м. произлегува од информативните полиња на влезната книга, а се организира согласно со локациската ознака на библиотечните единици, како и разни посебни основни каталози за различни видови б.м., додека Каталогот на б.д. произлегува од информативните полиња на нвентарната книга и може да биде според хронологија, тематика, назив, автор, земја, ситематска припадност и слично, како и дека составен дел на основниот каталог е каталогот за задолжителниот (архивски) примерок, утврдено е дека Библиотеката во 2017 г. започна со водење на Основен каталог на библиотечниот фонд (сигнатурна книга) за монографски публикации и други видови публикации, во којашто се евидентирани сите б.е. од 2017 до 2019 г. (забелешка: во 2017 г. е прекинато со водење на каталожни картончиња).

Почнувајќи од 1989 г. покрај рачното водење (заклучно со 1997 г.), започнато е водење на евиденцијата на библиотечниот фонд преку системот COBISS (со финансиска поддршка од МК од 1996 г. како проект на Библиотеката, а од 2004 г. како проект за градење на национален библиотечно информацискиот ситем), а во најголемиот дел од останатите библиотеки од 2005 година. Заклучно со септември 2020 г., вкупно 78

пензија), и 10 библиотекари-советници

г. пред пензија, како и

и сите избрани на 28.7.20187 г.), поради што во текот на 2019 и 2020 г. не е вршен реизбор во стручни звања.

Врз основа на горе констатираните наоди за фактичка состојба при редовниот инспекциски надзор, утврдена е неправилност во работењето на субјектот на надзор од аспект на примена на:

- член 22 став (3) од Законот за библиотеките, што е казниво по член 52 став (1) т. 1 и став (2) од истиот Закон, за вршење ревизија на библиотечниот фонд најмалку на секои десет години, а заради утврдување на состојбата на библиотечниот фонд и потребата за преземање на соодветни мерки за негова ефикасна заштита и тоа за одделни фондови во Библиотеката заради нивната обемност и други причини - монографски публикации од општиот фонд (I, III и IV формат), и збирката „Македонија на разгледници до 1946 г." (т. 9.7. од Записникот),

за што инспекторот ќе преземе следната мерка: ќе донесе решение со коешто субјектот на надзорот согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, а вв со член 83 став (2) од Законот за инспекциски надзор ќе се опомене во определен рок да преземе мерки за отстранување на горенаведената неправилност, како и да преземе соодветни мерки за целосна и доследна примена на Законот за библиотеките и подзаконските акти, донесени врз основа на овој закон.

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/~~ИМАШЕ~~ забелешки .

10) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

-
-
-
-

Инвентарна книга со член 9 од Правилникот се несоодветни за инвентарирање на библиотечните добра, затоа што тие податоци се содржат во описот на доброто соодветно со меѓународните библиотечни стандарди.

Во однос на предложениот - текст на нов правилник за формата, содржината и начинот на водење евиденција на библиотечниот фонд и библиотечната документација, наместо постојниот Правилник од 2009 г., доставен со Допис бр. 08-453/1 од 20.7.2016 г. и урегенција бр. 08-628/1 од 12.9.2018 г., од страна на Библиотеката до МК, според изјавите на присутните лица се уште нема никаков повратен одговор. Како причина, заради кои се предлага донесување нов Правилник, е наведено дека одредбите во однос на водењето евиденција не соодвествуваат и не ја запазуваат долгогодишната востановена практика во библиотечната дејност, како и важечките меѓународни стандарди, со став дека основно средство за работа на библиотеките е целокупниот библиотечен фонд, односно не само библиотечните добра, туку и библиотечен материјал.

9.9. Согласно со обврската утврдена во член 29 став (3) од Законот за библиотеките и Правилникот за содржината и начинот на водење на регистарот на копии на библиотечни добра и за образецот на сертификатот на копијата на библиотечното добро, според изјавите на присутните лица, во Библиотеката не се води регистар на копии на библиотечни добра, со оглед дека до сега не се изработувани копии на библиотечни добра.

9.10. Во однос на примена на член 48-а став (3) од Законот за библиотеките, директорот на библиотеката да ја поведува постапката за реизбор во стручно звање во рокот утврден со закон (три месеци пред истекот на рокот за реизбор), на работници со изборни стручни звања виш библиотекар и библиотекар советник, кои според член 47 став (3) од Законот за библиотеките се реизбираат на секои пет години, по исклучок на лицата кои имаат уште десет години до остварување на правото на пензија и кои не подлежат на реизбор, според добиените податоци од секретарот, Библиотеката има вкупно 8 (осум) виши библиотекари ([illegible]
и - аплицираат за звањето советник;
[illegible] избрана на 25.12.2019 г.; [illegible], избрана на 18.12.2017 г.; [illegible] и [illegible] 10 г. пред

Република Северна Македонија

Министерство за култура

- _____
- _____
- _____

Потпис на претставникот на субјектот на надзор:	, директор на НУ -НУБ „Св. Климент Охридски"-Скопје	Печат и потпис на инспекторот за култура:	главен инспектор
Датум:	25.9.2020 г.	Датум:	22.9.2020 г.

ПРИЛОГ: Листа за проверка, која е составен дел на Записникот